ПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРО

ПРИМЕНО: 25. 02. 2020г.

Орг. ед.	Број	Прилог	Вредн.
15	215/1		

Архивски знак:
Ро... на чување:
19 година
П...пис.

До
Општина Македонски Брод
Ул. „7ми септември" Бр. 4
6530 Македонски Брод

Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер за потребите на Истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство спроведува базично истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво.

За оваа цел ни се потребни определени информации од јавен карактер, а кои согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), вие треба да ни ги обезбедите.

Врз основа на ова, бараме одговор на долунаведените прашања како информации од јавен карактер.

1. Дали општината изработила и усвоила Програма за социјална заштита за 2019 година?
   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од Програмата за 2019 година;
   - Дали е предвидена посебна парична помош или помош во натура за жртви на семејно насилство за 2019г.?
2. Дали општината изработила и усвоила други програми, правилници, стратегии и/или одлуки за помош и поддршка на жртви на семејно насилство во 2019г.?
   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од соодветниот документ за 2019 година;
3. Дали општината воспоставила специјализиран сервис (шелтер центар, кризен центар, советувалиште за психосоцијална помош или бесплатна правна помош) за жени жртви на насилство и семејно насилство во 2019г. финансиран од буџет на општината?
   - Доколку одговорот е да, каков сервис е воспоставен, кога е воспоставен и со каков буџет располага?

- Дали сервисот е воспоставен во соработка со граѓанска организација?

- Доколку одговорот е да со која граѓанска организација е воспоставен сервисот?

4. Каков вид на дополнителна поддршка е дадена од општината во насока на спречување и заштита од семејно насилство за 2019 година? (дополнителна поддршка од аспект на кампањи за превенција од семејно насилство, обуки, тренинзи и едукации, можности за вработување на жртви на семејно насилство).

   - Доколку да, набројте кои?

Ве молиме бараните податоци доставете ни ги поштенски во седиштето на

Со почит,